Center for Legal and Political Research, Faculty of Law,

Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia

FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD

СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

CLPR
Center for legal and Political Research

З Б О Р Н И К Н А Т Р У Д О В И

P R O C E E D I N G S

Shtip, 2014

First International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD
© 2014 Copyright Goce Delcev University-Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University - Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clprmk.org.

Печати / Print **2- ri Avgust- Shtip**

Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference (1 ; 2014 ; Shtip)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = СоциалЬные изменения в глобалЬном мире : зборник на трудови = proceedings / First international scientific conference. - Shtip : Goce Delcev University, 2014. - 1172 стр. ; 24 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-129-0

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 97561098

Table of Contents

Поздравно обраќање на Академик Владо Камбовски, Претседател на Македонската академија на науките и уметностите 11

LAW 15

ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ, НОВО РЕШЕНИЕ ИЛИ КОЗМЕТИЧКА ИЗМЕНА НА ВЕШТАЧЕЊЕТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА
Никола Мицковски 17

РЕВИЗИЈА: СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈА, ПРИЧИНИ ЗА РЕВИЗИЈА И ПОСТАПКА ПО РЕВИЗИЈА ПРОТИВ ПРЕСУДА
Војо Беловски 33

ПОСТАПКИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Светлана Вељановска, Арсе Петрески 53

THE CONSTITUTIONAL AND INSTITUTIONAL PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION IN BOSNIA AND HERZEGOVINA IN THE POST-DAYTON ERA
Davor Trlin 67

О ПРАВЕ НА ГРАЖДАНСТВО В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: НЕКОТОРЫЕ ПРОБЛЕМЫ РЕАЛИЗАЦИИ
Вера Бабурина..... 81

ПРИМЕНА МЕЂУНАРОДНИХ СТАНДАРДА О СУЂЕЊУ У ОДСУСТВУ ОКРИВЉЕНОГ
Саша Кнежевић, Иван Илић..... 95

THE PHENOMENON OF MULTIPLE DISCRIMINATION AND ITS PROTECTION UNDER THE ANTI-DISCRIMINATION LEGISLATION
Zaneta Poposka 113

ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Јелена Ристиќ 127

ТОВАРЕН ЛИСТ – КОНОСМАН ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА СТОКА ПО ВОДЕН ПАТ
Саша Дукоски 143

THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL DOCTRINE:
A COMPARATIVE APPROACH TO THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIA
Borka Tushevska 163

БЕНЕФЕЦИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ВРЗ ЛИКВИДНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА
Александар Костадиновски, Марија Стевковиќ 189

СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА
Елена Иванова, Нада Донева 203

КОРПОРАТИВЕН КРИМИНАЛ
Васко Стамевски, Елизабета Стамевска 245

ДЕЦЕНИИТЕ НА КАЗНЕНО-ПРАВНИТЕ РЕФОРМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ И ПРАВНАТА СИГУРНОСТ
Татјана Велкова 263

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ДЕЦА
Гордана Бужаровска Лажетиќ, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев 277

SOME ASPECTS OF EMPLOYEES INFORMING AND CONSULTING IN ACCORDANCE WITH THE LABOR LAW AND LAW ONSAFETY AND HEALTHAT WORK
Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva, Ljupcho Petkukjeski 295

РАСПРАВА О КРУГУ СУБЈЕКАТА КОЈИМА СЕ ПРИЗНАЈЕ ПРАВО НА НУЖНИ ДЕО
Новак Крстић 311

RIGHT FOR HEALTH PROTECTION OF THE CITIZENS OF THE REPUBLIC OF CROATIA IN OTHER EU MEMBER STATES
Anton Petricevic, Darko Kucan 333

THE IMPACT OF CERTAIN RULES OF ROMAN PUBLIC LAW (LUS PUBLICUM) ON THE CONTEMPORARY LAW
Marija Ignjatovič 357

ПРАВНА РАМКА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
Марија Амповска 369

POLITICS 387

POLITICAL GEOGRAPHY GEOPOLITICAL STRATEGIST, IN THE CONTEXT OF CONTEMPORARY DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF BULGARIA
Tihomir Licev 389

РОЛЬ ОБЩЕНАЦИОНАЛЬНОЙ (ГОСУДАРСТВЕННОЙ) ИДЕОЛОГИИ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ
Наталия Бутусова 401

POLITICAL AND ECONOMIC EFFECTS OF THE NEW REGIONALISM: PRESENTED THROUGH THE EUROPEAN UNION
Elena Tilovska-Kecedzi, Elizabeta Tosheva 419

ВРЕДНОСТИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НАСПРОТИ НОВИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: СЛУЧАЈОТ СО УКРАИНА
Ана Никодиновска Крстевска 435

ОБ ИЗМЕРЕНИИ ОБЩЕСТВЕННОЙ ОПАСНОСТИ
Ольга Хорошилова 445

GROUPS' RESORT TO ARMS IN NEGOTIATING SPACE IN NIGERIA: THE CENTRAL NIGERIA EXCEPTION
Adoyi Onoja 453

ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАТЕГИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ
Татјана Гергинова 481

THE EU POLICY OF SAP TOWARD THE WESTERN BALKANS:ELEMENTS OF REGIONAL APPROACH
Melina Grizo 501

CONTROL AND RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION ACCORDING TO THE POSITIVE LEGISLATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
Jusuf Zejneli, Faton Shabani 519

ПРИНЦИП НА СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА
Дејан Витански 533

MECHANISMS OF EXTERNAL CONTROL OF THE POLICE AND THE MOST EFFECTIVE MODEL FOR REPUBLIC OF MACEDONIA
Avziu Kebir 553

ПОТРЕБАТА ОД ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА
Драган Веселинов 581

КВАЛИТЕТНО РЕГРУТИРАЊЕ НА КАДРИТЕ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ
Слаџана Стефанова, Трајко Мицески 593

STRATEGIC MANAGEMENT AND ITS IMPLEMENTATION IN HUMAN RESOURCES IN THE PUBLIC SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
Sejdi Xhemaili, Shkumbim Shabani 617

ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОУСПЕШНО КОНСОЦИЈАТИВНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Никола Амбарков 627

СОВЕТ ПО ПРАВАМ ЧЕЛОВЕКАОРГАНИЗАЦИИ ОБЪЕДИНЕННЫХ НАЦИЙ
Юлия Владимировна Самович 645

МОДЕЛИ НА ГЛАСАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Душко Петров 663

ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА МИГРАНТИТЕ И НА ГРАЃАНИТЕ ОД НОВИТЕ ЕУ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ
Наташа Постоловска 675

КОНЦЕПТИ И ТЕХНИКИ НА УБЕДУВАЊЕ И МАНИПУЛАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА
Јован Ананиев 697

COMPARATIVE VIEW OF THE CONDITIONS AND PROCEDURES FOR THE APPOINTMENT OF AMBASSADOR
Dejan Marolov 715

SOCIETY 723

МИГРАЦИЈАТА ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА
Росе Смилески, Љупчо Шошоловски 725

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ 741

WESTERN MUSIC FOR BANAL NATION: RE-ERECTING AVALA TV TOWER AND REMODELLING THE SERBIAN NATIONAL SOUNDSCAPE
Srđan Atanasovski 765

RELIGION AND CULTURE IN THE GLOBAL WORLD: FROM CLASSICAL TO CONTEMPORARY SOCIOLOGICAL THEORIES OF MODERNITY, MODERNIZATION AND DEVELOPMENT
Ranka Jeknić 777

СТРУКТУРАТА НА РАБОТОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДЕЛУВАЊЕТО НА ХИСТЕРЕЗА КОНЦЕПТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Александра Лозаноска 807

РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО САД: *ПРОГРЕСИВНА* АНАТЕМА СО РЕГРЕСИВНА ЕРОЗИЈА
Марија Емилија Кукубајска 829

ОДНОСОТ НА РЕЛИГИЈАТА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ
Даниела Коцева, Владо Петровски 841

RELIGIOUS DIALOGE AND “GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING” IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION
Zoran Matevski 849

СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
Крсте Илиев, Наталија Попзариева 861

WEBER'S MODELS OF BUREAUCRACY IN THE AGE OF GLOBALIZATION
Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova, Petar Trajkov..... 873

ECONOMY 883

THE WATERS IN THE COUNTRY AS A SPECIFIC BUSINESS ECOSYSTEM
Dragan Jovanov, Aleksandar Dejanovski..... 885

НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – МЕТОДОЛОГИЈА, АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ
Ѓорѓи Гоцков 893

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ФЕНОМЕНОТ НА СИРОМАШТИЈА
Ирена Андрееска 911

THE IMPORTANCE OF ECONOMIC DIPLOMACY FOR A SMALL OPEN ECONOMY – THE CASE OF SLOVENIA
Dejan Romih, Jurij Pridigar 919

РОССИЙСКАЯ ПРОМЫШЛЕНОСТЬ В УСЛОВИЯХ ВТО
Валерий Валентинович Копеин, Елена Анатольевна Филимонова, Андрей Валентинович Копеин 933

ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА
Билјана Петревска..... 941

ПОТРЕБА ОД ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ВАЛИДАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКОТО ПРЕТПРИМНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ
Mimoza Serafimova, Snezana Bardarova..... 955

ПРЕТПРИЕМНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА, ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Марија Магдинчева-Шопова, Неда Петросла-Ангеловска, Марија Ацковска..... 969

FINANCIAL CRISIS IN SWEDEN AND CROATIA IN PERSPECTIVE OF EMU – THE BANKING UNION
Ivana Bajakić, Ozren Pilipović, Nenad Rančić..... 983

РЕЈТИНГ СИСТЕМИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВО БАНКИТЕ
Марија Сребренова Трендова..... 1017

FINANCE SYSTEM LOCAL GOVERNMENTS
Marijana Ljubić, Stevica Deđanski..... 1041

ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Елизабета Џамбаска..... 1051

РЕФОРМАТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ (ОПШТИ ТРЕНДОВИ И ПРАВЦИ)
Илија Груевски, Стеван Габер..... 1075

MEDIA AND COMUNICATION.....1103

PEOPLE AS OBJECT AND SUBJECT OF ALBANIAN MEDIA: THE CORELATION AND OSMESES IN THE EDUCATION PROCESS IN DEMOCRATIC SOCIETY
Laura Furxhi..... 1105

МЕДИАТИЗАЦИЯ НАУКИ: АЛЬТЕРНАТИВНАЯ НАУКОМЕТРИЯ И ВОЗМОЖНЫЕ СОЦИАЛЬНЫЕ ПОСЛЕДСТВИЯ ЕЁ РАСПРОСТРАНЕНИЯ
Марина Загидуллина..... 1113

ПОТЕНЦИЈАЛОТНА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ПОРТАЛИ
Тања Крстева..... 1127

ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
Сузана Џамтоска–Здравковска, Андон Мајхошев..... 1141

EDUCATION.....1159

КОНТИНУИРАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
Даниел Павловски..... 1161

343.9.018 (4.672ЕУ:497.7)

СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА

м-р Елена Иванова, Кандидат на Школата за докторски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

e-mail: elena.ivanova@ugd.edu.mk

м-р Нада Донева, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Помлад асистент, Кандидат на Школата за докторски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

e-mail: nada.doneva@ugd.edu.mk

Апстракт

Во борбата за сузбивање на сериозен криминал, окарактеризиран со прекумерна организираност и прекугранична распространетост, нужно е современите истражни методи да нудат адекватно решение и репресијата да ги надмине границите на една држава. Почнувајќи од вообичаените методи на прекугранични истражни постапки опфатени во класичните конвенции и националните закони за правна помош, како давање на информации и пренесување на изводи од казнена евиденција, сослушувања, издавање на доказен материјал и сл., во трудот се задржуваме на обработка на посовремените, кои резултираат од развитокот на технологијата и науката воопшто, а кои се рефлектираат врз работата на органите на прогон. Ги опфаќаме неоперативните и оперативните современи истражни методи со нивно дефинирање и примери за примена во рамки на Европската Унија. Се осврнуваме на сослушувањата преку видеоконференција, меѓународни групи на истрага (JITs), како и оперативните - контрола на испорака и прекугранично набљудување, опфатени со актите на Европската Унија, донесени главно кон Европската Конвенција за меѓународна помош во кривичната материја помеѓу државите членки. Поаѓајќи од аспирациите на Република Македонија за хармонизација на домашното законодавство со актите на Европската Унија, како и со

методите и техниките кои се користат во интернационалната соработка во кривичната материја, трудот ги разработува Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, мултилатерални и билатерални договори за меѓународна правна помош во деловите кои се однесуваат на кривичната постапка, пред сè во претходната постапка, која треба да изобилува со современи истражни методи за постигнување на ефикасност во интернационализирањето на битката со криминалот и договорите кои ги има склучено со Европската унија и нејзините институции за флуидна соработка во соодветна област. Сепак, постојаните превирања кои ги има во самата Унија, го условуваат развојот на методите на соработка во кривичната област, кои се повеќе од жива материја, брзо променлива, што е добро за постојана обработка и проучување, како во поглед на ефектите кои ги имаат во рамки на Унијата, така и од аспект на нивна апликативност во македонската легислатива. При истражувањето, ги користиме методот на анализа, методот на синтеза, социолошкиот, компаративниот и case - study методот.

Клучни зборови: *Современи истражни методи, Европско кривично право, Кривично - правна помош, Македонска легислатива.*

ВОВЕД

Меѓународната соработка во кривичната материја, во линија на следење на процесот на глобализација и предизвиците кои ги наметува модерното општество, ги проширува своите размери поради значително зголемениот број на барања за заемна соработка помеѓу државите, заради експанзијата на кривични дела со странски елемент. Ова води кон збогатување на обврските на една држава чии аспирации за приближување кон ЕУ се несомнени и сериозни и наметнува потреба за усогласување на националното со правото на ЕУ во оваа област преку етаблирање на соодветна правна рамка, законски одредби кои

претпоставуваат хармонизација со ЕУ - законодавството и кои имплицираат соработка на институциите на меѓународно и национално ниво. Хармонизацијата на законодавството со актите на државите членки на ЕУ, е во насока на остварување на непречена и континуирана, а со тоа и успешна правосудна соработка во откривањето, докажувањето и процесуирањето на кривичните предмети кои засегаат две различни држави, а во однос на ова и конкретно определување на надлежностите на Министерството за правда како централен надлежен орган за остварување на ефективна меѓународна соработка во спречување и редуцирање на опфатот на бројката на транснационален организиран криминалитет од вкупниот обем на криминалитет во европски рамки.

1. УСОГЛАСЕНОСТ НА РЕГУЛАТИВАТА НА РМ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНАТА МАТЕРИЈА

Ратификацијата на меѓународните инструменти, повлекува процес на усогласување на домашното законодавство со ратификуваниот меѓународен документ. Во оваа смисла, во насока на постигнување на еден заокружен правен систем на кој ќе се темели поредокот на државата, која како главен приоритет ја поставува европската интеграција, одредбите од меѓународните документи кои Република Македонија ги има ратификувано со цел поуспешно да се справи со предизвиците на модерното општество и глобализацијата, законодавецот ги транспонира во домашното законодавство преку одредбите на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја[1]. Притоа, процесот на ратификација е спроведен за сите релевантни меѓународни инструменти, конвенции и нивните дополнителни протоколи од областа на меѓународна соработка во кривичната материја донесени од страна на Советот на Европа - а на кои во голема мерка се темелат принципите на кои почиваат регулативите, одлуките и директивите на ЕУ.[2] Опфаќајќи

[1] Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

[2] Асоцијација за развојни иницијативи „Зенит“ и Гордана Лажетиќ Бужаровска, *Судската соработка во кривичните предмети и усогласеноста со правото на*

ги одредбите на Конвенциите на Советот на Европа кои се однесуваат на соработката во кривичната материја која добива сè поголема важност, Законот претставува кодификација на истите и ја покажува соодветноста на решенијата во оваа област со нормите на меѓународното право кои ги поставуваат темелните вредности и претставуваат водилки во изнаоѓањето на меѓународно компатибилни решенија кои се најефективни за остварување на меѓусебната соработка во казнената област.[3] Процесот на ратификација и усогласување на националното со европското законодавство преку инкорпорирање на меѓународните норми во националните закони, кој води кон создавање на правна рамка која ќе биде во согласност со меѓународните инструменти кои ги поставуваат границите за промени и усогласувања на националните законодавства со оние на државите членки на ЕУ, ја приближува Република Македонија кон „европскиот простор во кој владаат исти начелни правни правила и процедури што во многу ја олеснува меѓународната соработка во Европа и пошироко“[4]. Имплементацијата на одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, паралелно и на одредбите на новиот Закон за кривична постапка[5] кој почна да се применува од декември 2013 година, е во насока на унапредување на соработката на надлежните органи на државите засегнати со сторено кривично дело во смисла на извршување на барањата на заемна соработка, поттикнување на соработка на државата со Европската канцеларија за соработка во областа на правосудството - Европравда[6] и со Европол[7], како и на меѓуинституционалната соработка

Европската унија - сегашна состојба и идни чекори (Скопје: Министерство за правда, 2013), 2.

[3] Министерство за правда, *Ратификувани европски конвенции за меѓународна соработка во кривичната област* (Скопје: Министерство за правда, 2010), 8.

[4] ibid, 9.

[5] Закон за кривичната постапка, *Службен весник на Република Македонија* 150/2010.

[6] Европравда (EUROJUST) е тело на Европската Унија основано во 2002 година со сопствен правен субјективитет, чија основна мисија е зајакнување на ефективноста на институциите на државите членки надлежни за истрага и гонење на сериозни облици на транснационален и организиран криминал. Европравда има уникатна улога во правната област на Европската Унија и

на национално ниво помеѓу полициските, правосудните органи и казнено - поправните установи.

Во согласност со законските одредби кои ги уредуваат основите на меѓународна соработка во кривичната материја, таа се врши во согласност со одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, „освен ако со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија или со правен акт кој ги регулира кривичните постапки на меѓународен суд чија надлежност ја признава Република Македонија, поинаку не е уредено“[8]. Притоа, меѓународните стандарди во оваа материја, ги поставуваат инструментите донесени од страна на Советот на Европа, а применливи на ниво на ЕУ и пошироко, преку процесот на нивна ратификација и имплементација на национално ниво. Во насока на преземање на сериозни чекори во однос на поефикасно водење на истрагите и постапување по обвинението за сериозни транснационални кривични дела и дела на организиран криминал, донесувањето на закон кој ќе постави рамка на целокупната постапка за координација на дејствијата на различните држави засегнати со конкретно кривично дело, го покажува сериозниот пристап на државата кон борба со облиците на криминал чија експанзија може да се спречи единствено со усогласена правна рамка на меѓународно ниво. Ваквата правна рамка, во согласност со определбата од Законот, покрај одредбите на домашното законодавство, ја формираат и ратификуваните меѓународни документи донесени од страна на Советот на Европа. Несомнената заложба на ЕУ за успешно дефинирање на активностите со цел координативна соработка

главната цел е да го унапреди развојот на пан - европска соработка за кривични случаи.

[7] Европол (Европска полициска агенција) е основан со Договорот од Мастрихт во 1992 година како тело кое има за цел во рамките на заемната соработка во сферата на правдата и внатрешните работи, да развива систем на размена на информации. Како агенција за криминалистичко разузнавање на Европската унија, Европол ја подобрува ефективноста и соработката помеѓу надлежните органи на државите членки во спречувањето и борбата против организираниот криминал, тероризмот и други форми на сериозен криминал кои зафаќаат две или повеќе држави членки.

[8] Член 2 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

на државите потписнички во смисла на искоренување на криминалот кој со незауздан од навлегува и ги уништува основите на општественото живеење, се рефлектира преку осум документи на Советот на Европа, односно низ одредбите на Европска Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја со нејзиниот дополнителен протокол[9], Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја[10], Европската Конвенција за екстрадиција со нејзините два додатни протоколи[11], Конвенцијата за трансфер на осудени лица со дополнителен протокол[12], Европската Спогодба за пренос на барањата за правна помош[13], Европската

[9] Council of Europe, *European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters*, 1959 со *Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters*, 1978, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 28 јули 1999 година со Закон за ратификација на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со додатен протокол, објавен во Службен весник на Република Македонија 32/1999.

[10] Council of Europe, *Second Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters*, 2001, ратификуван од страна на Собранието на Република Македонија на 16 декември 2008 година со Закон за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, објавен во Службен весник на Република Македонија 44/2003.

[11] Council of Europe, *European Convention on Extradition*, 1957 со *Additional Protocol to the European Convention on Extradition*, 1975 и *Second Additional Protocol to the European Convention on Extradition*, 1978, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 28 јули 1999 година со Закон за ратификација на Европската Конвенција за екстрадиција со додатен протокол и втор додатен протокол, објавен во Службен весник на Република Македонија 32/1999.

[12] Council of Europe, *Convention on the Transfer of Sentenced Persons*, 1983 со *Additional Protocol to the Convention on the Transfer of Sentenced Persons*, 1997, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 28 јули 1999 година со Закон за ратификација на Европската Конвенција за трансфер на осудени лица, со дополнителен протокол, објавен во Службен весник на Република Македонија 32/1999.

[13] Council of Europe, *European Agreement on the Transmission of Applications for Legal Aid*, 1977, ратификувана од страна на Собранието на Република

Конвенција за пренос на казнените постапки[14], Европската Конвенција за известување за странско право[15] и Дополнителниот протокол кон Европската Конвенција за известување за странско право[16]. Во рамки на намерата за приближување кон ЕУ од аспект на креирање на усогласена правна рамка на национално ниво применлива во односите со државите членки на ЕУ во напорите за спречување на криминалитетот од најтежок облик, особено значење има склучувањето на Договорот за соработка со Европравда (EUROJUST)[17], кога како главна интенција се појавува потребата од воспоставување на адекватен систем на заштита на личните податоци во областа на правосудството и органите со посебни овластувања, како еден од облиците на меѓународна правна помош, што е битен аспект во пронаоѓањето на легитимни патишта во борбата со транснационалниот криминалитет, чија паралела е заштитата на

Македонија на 15 јануари 2003 година со Закон за ратификација на Европската Спогодба за пренос на барањата за правна помош, објавен во Службен весник на Република Македонија 47/2002.

[14] Council of Europe, *European Convention on the Transfer of Proceedings in Criminal Matters*, 1972, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 29 ноември 2004 година со Закон за ратификација на Европската Конвенција за пренос на казнените постапки, објавен во Службен весник на Република Македонија 49/2004.

[15] Council of Europe, *European Convention on Information on Foreign Law*, 1968, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 15 јануари 2003 година со Закон за ратификација на Европската Конвенција за известување за странско право, објавен во Службен весник на Република Македонија 13/2002.

[16] Council of Europe, *Additional Protocol to the European Convention on Information on Foreign Law,* 1978, ратификуван од страна на Собранието на Република Македонија на 15 јануари 2003 година со Закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Европската Конвенција за известување за странско право, објавен во Службен весник на Република Македонија 13/2002.

[17] Во текот на 2008 година Република Македонија ги започна преговорите со Европравда со цел склучување на Договор за соработка и на 28 ноември 2008 година беше потпишан Договорот за соработка помеѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST), ратификуван од страна на Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST), објавен во Службен весник на Република Македонија 51/2009.

приватноста на поединците, што претпоставува оперативна соработка со Европравда. Во меѓународната правосудна соработка во кривичната материја, меѓусебната правна помош е добро поставен принцип, кој се однесува на ситуацијата кога една држава не е во состојба да продолжи со истрагата или постапката за одреден кривичен предмет и има потреба од помошта на друга држава, во смисол на сослушување на сведоци или набљудување на лица кои се наоѓаат на територијата на другата држава.[18] Во рамки на ЕУ, државите членки треба да продолжат со унапредување во сферата на меѓусебната правна помош во кривичната материја и да создадат област на слобода, безбедност и правда, во која полициската и правосудната соработка ќе бидат олеснети колку што е можно повеќе. После долги преговори, во 2000 година, државите членки на ЕУ, ја потпишаа Конвенцијата донесена од страна на Советот на Европската Унија во согласност со член 34 од Договорот за ЕУ за меѓусебна правна помош во кривичната материја помеѓу државите членки на ЕУ[19], со цел да ја заменат постојната Европска Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја од 1959 година со нејзиниот дополнителен протокол.

Поаѓајќи од намерата за евроинтеграција и приближување до начините на дејствување на државите од ЕУ, покрај пристапување и ратификација на меѓународните инструменти на полето на меѓународната соработка, Република Македонија е страна на повеќе билатерални договори на полето на соработка во кривичната материја, склучени со останатите држави од Западен Балкан, иницирани од намерата дека истите ќе придонесат остварување на крајната цел - поголема и подобра соработка во борбата против тешкиот криминал.[20]

[18] G. Vermeulen, W. De Bondt and Y. Van Damme, *EU cross-border gathering and use of evidence in criminal matters. Towards mutual recognition of investigative measures and free movement of evidence?* (Portland: Maklu, 2010), 50.

[19] The Council of European Union, *Convention established by the Council in accordance with Article 34 of the Treaty on European Union, on Mutual Assistance in Criminal Matters between the Member States of the European Union*, 2000.

[20] Некои од Договорите кои РМ ги има склучено во областа на меѓународна правна помош во кривичната материја: Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за правна помош во граѓански и кривични предмети, склучен на 2 октомври 1998 година; Договор меѓу

И покрај целосната усогласеност на нашето законодавство со правната ЕУ - рамка во областа на меѓународна правна помош во кривичната материја, придобивките за Република Македонија од имплементацијата на европските стандарди во домашното законодавство, ќе се почувствуваат откако таа ќе стане држава членка на ЕУ.

2. ОБЛИЦИ НА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ

2. 1. Испитување по пат на видеоконференција

Постојаниот напредок на технологијата, ги одразува своите предности на сите полиња на општествено живеење, вклучително и при постапување со кривични дела, овозможувајќи технологијата да придонесе во полесно процесуирање, откривање, спречување и санкционирање на криминалитетот. Од друга страна, пак, правото на фер судење во разумен рок, е суштинско право на граѓаните, а фер сослушувањето го вклучува правото на контрадикторна расправа пред судија, производство на оригинални докази, присуство на сведоци или вештаци и презентирање на материјал од корист за случајот. Видеоконференцијата може да го олесни сослушувањето, а со тоа да придонесе во однос на полесно остварување на условите за одржување на главната расправа за конкретен кривичен предмет, во услови на подобрена безбедност или т.н. „remote hearing“, односно „далечинско сослушување“ на сведоци или експерти. Притоа, технологијата не треба да ги намали процедуралните заштитни мерки на правично судење (на пр. да влијае на составот на советот), треба да остане ограничена на замена и поедноставување на процедуралните чекори кои водат до индивидуализирана одлука за случајот и не треба да ја замени улогата на судијата во сослушувањето и оцената на фактичките докази во случајот

Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривични предмети, склучен на 9 март 2005 година; Договор меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривични предмети, склучен на 27 декември 2006 година; Договор меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за реципрочно извршување на судски одлуки во кривичната материја, склучен на 14 октомври 2006 година.

и утврдување на правото, а судијата мора да ја задржи моќта да им нареди присуство на странките. Сослушувањето преку видеоконференција, може да ја модифицира и да создаде погрешна перцепција за изјавата на сведокот и овој начин на испитување никогаш не треба да ги наруши гаранциите на одбраната.

Сослушувањето преку видеоконференција е ефикасно средство кое има потенцијал да ги олесни и забрза прекуграничните постапки и да ги редуцира трошоците за истите. Станува збор за средство кое постои одамна и се практикува на национално ниво, а кое може да се развива на европско ниво како интегрален дел на правецот на остварување на европска е - правда. Во прекуграничните постапки, видеоконференциското сослушување се користи пред сè за прибирање на докази, сослушување на ранливи и исплашени сведоци, во смисла на редуцирање на нивниот стрес и непријатност, додека сослушувањето на вештаци преку видеоконференција обезбедува поефикасна употреба на ресурсите, бидејќи најчесто достапноста на вештаците се идентификува како една од главните причини за одлагање на сослушувањето. Во рамки на ЕУ, Европската судска мрежа во кривичната материја, обезбедува посебна служба, наречена Атлас, која им помага на потенцијалните корисници на видеоконференциско сослушување, да ја проверат достапноста на опрема во другиот суд, а во текот на последните неколку години, Европравда успешно ги користи видеоконференциските сослушувања во многу прекуранични истраги.[21] Во прекуграничното сослушување преку видеоконфренција, се практикува последователно испрашување на сведоците, за разлика од истовременото, за кое е потребно да се обезбедат посебни кабини, слушалки и прецизна контрола на микрофоните, а особено непријатен може да биде визуелниот контакт со лицето кое дава изјава. Во насока на унапредување на имплементацијата на ова средство за меѓународна соработка во кривичната материја, државите членки ги надоградуваат своите правосудни системи со најновите достигнувања на технологијата и ги прават достапни за правосудството. Во оваа насока, Австрија

[21] General Secretariat of the Council of the European Union, *Video - conferencing as a part of European e - Justice: The Essentials of Videoconferencing in Cross-border Court Proceedings* (Belgium: Publications Office of the European Union, 2009), 14.

поседува централизиран систем за резервација на националните судови за сослушување преку видеоконференција, кој овозможува директна резервација на судска просторија и опрема за сослушување; Финска започна со инсталирање на различни видови на опрема за видеоконференциско сослушување за различни цели; во Германија, истовремено толкување на објекти се вметнува во видеоконференциската опрема, така што еден преведувач може да се користи во постапката во која голем број од присутните зборуваат на различен јазик.[22]

Во 2011 година, Консултативниот совет на европските судии[23], како советодавен орган на Советот на Европа, дојде на мислење за поврзаноста на правда и информатичките технологии и ги разгледаа можностите и ризиците поврзани со ИТ во судовите. Советот, најпрво спроведе анкета помеѓу своите членови за употребата на ИТ во судовите во државите членки, што резултираше со средби на работна група од 9 негови членови, кои на два состаноци во Стразбур дискутираа и во ноември 2011 година, го усвоија Мислењето за употреба на технологијата во судството.[24] Употребата на технологијата, Советот ја поздравува како средство за подобрување на спроведувањето на правдата, пристапот до правдата, за евалуација на правосудниот систем и за нејзината централна улога во обезбедувањето на информации за судиите, адвокатите и другите засегнати страни во правниот систем, како и на јавноста и медиумите. Тој го поттикнува користењето на сите аспекти на ИТ за да се промовира важноста на улогата на судството во гарантирањето на владеењето на правото во една демократска држава од аспект на предностите од користењето на информатичката технологија, во смисла на ефикасност, брзина и цена, пристап до правни информации и како сервис на граѓаните, не заборавајќи ги недостатоците - трошоците и безбедноста на податоците.

Нашето казнено законодавство, во согласност со одредбите на Законот за кривична постапка во делот кој се однесува на исполнување на претпоставките за одржување на главна расправа, пропишува

[22] ibid, 24 - 25.

[23] Conseil Consultatif de Juges Européens (CCJE).

[24]http://www.iaca.ws/files/journal-eighth_edition/reiling-technology_in_courts_in_europe.pdf

можност за судот да го испита сведокот или вештакот кој се наоѓа на територија на друга држава по пат на телефонска или видеоконференција, во насока на олеснување на можностите за прибирање на докази во смисла на откривање на криминалот и санкционирање на извршителите на кривични дела[25]. Ваквата законска одредба е рефлексија на импактот на меѓународните документи и нивните решенија во однос на меѓународната соработка со цел откривање на облиците на тежок криминал.

Одредбите од нашите закони, определуваат решенија во целост соодветни на решенијата кои ги практикуваат државите членки на ЕУ во нивните меѓусебни интеракции за сузбивање на рутите на сите видови тежок криминал. Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, во членовите 9 и 10 во целост ги уредува условите и начините за спроведување на испитување по пат на видео или телефонска конференција, односно ако некое лице се наоѓа на територијата на една држава, а треба да биде сослушано како сведок или вештак од страна на судските органи на друга држава, другата држава може да бара, ако е непогодно или невозможно лицето лично да се појави на нејзината територија, сослушувањето да се спроведе по пат на видеоконференција, односно телефонска конференција. Согласно на ваквите ставови на нашиот законодавец, документот кој во целост ги исполнува критериумите за основна меѓународна соработка и меѓусебна правна помош во кривичната материја на национално ниво - Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, согласно на одредбите на Протоколот и оние на ЗКП, ако лицето кое треба да биде испитано во својство на сведок или вештак во рамки на остварување на меѓусебната правна помош, се наоѓа на територијата на друга држава, домашен правосуден орган може да бара, испитувањето на лицето да се спроведе по пат на видеоконференција. За остварување на ваквото барање на правосудниот орган на РМ, соодветно и на останатите облици на

[25] Според законската одредба „Испитување на сведок или вештак по пат на телефонска или видеоконференција“ подведена под член 369 од Законот за кривична постапка, сведок или вештак може да биде испитан по пат на телефонска или видеоконференција кога се наоѓа на територија на друга држава.

меѓусебна правна помош, странскиот надлежен орган треба да даде согласност за испитување по пат на видеоконференција доколку тоа е во согласност со законодавството на странската држава и доколку таа располага со технички средства што овозможуваат спроведување на овој начин на испитување. Ако странската држава не располага со такви средства, Република Македонија може нејзините средства да и ги стави на располагање, доколку странската држава се согласи со тоа[26]. Доколку пак, странски правосуден орган побара по пат на видеоконференција во својство на сведок или вештак да биде испитано лице кое се наоѓа во Република Македонија, тогаш за барањето одлучува надлежниот јавен обвинител. Законот ги определува и правилата за одржување на видеоконференција[27], кои во целост се соодветни на правилата кои за исполнување на овој вид правна помош ги одредува Протоколот.

Друг посовремен облик на правна помош во односите помеѓу државите со цел прибирање на докази во правец на откривање на кривични дела кои ги преминуваат границите на една држава, сосема близок на испитувањето по пат на видеоконференција, е испитувањето по пат на телефонска конференција на едно лице кое треба да се најде во својство на сведок или вештак, а се наоѓа на територија на друга држава[28], единствено кога сведокот или вештакот се согласиле

[26] Види член 33 став 2 од Законот за меѓународа соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

[27] Според член 33 став 4 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, испитувањето по пат на видеоконференција може да се спроведе ако се применуваат следниве правила: испитување по пат на видеоконференцијата да се спроведува пред домашен правосуден орган според домашното законодавство, а по потреба во присуство на толкувач; домашниот правосуден орган пред кој се спроведува испитувањето, го утврдува идентитетот на лицето кое се испитува; домашниот правосуден орган пред кој се спроведува испитувањето, треба да обезбеди мерки за заштита на лицето кое се испитува; на лицето кое се испитува треба да му се даде можност да се повика на правото да не дава исказ во својство на сведок или вештак.

[28] Според член 34 став 3 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, испитувањето по пат на телефонска конференција може да се спроведе ако лицето се согласило со испитувањето и телефонската конференција е во согласност со домашното законодавство, а согласно на став 5, домашниот правосуден орган кој ја спроведува телефонската конференција, ги презема следниве дејствија: го известува лицето за времето и местото на

сослушувањето да се спроведе на овој начин, што значи исполнување на одредбата од член 10 на Протоколот која се однесува на овој облик на меѓусебна правна помош помеѓу државите.

Видеоконференциите имаат потенцијал да го подобрат квалитетот на судските постапки, нудејќи: можност за сведоците и оштетените во кривичните предмети да сведочат преку видео линк; супериорност сведоците да даваат изјави по телефон, со сигурна идентификација на сведокот, како и основа за судот за анализа и земање во предвид на важноста на изјавата; пристапност до судот за учесниците во постапките со здравствени проблеми или потреба од долго патување поради големите растојанија помеѓу државите; поголема флексибилност за судовите при утврдувањето на датумите за судските рочишта, како и поголема безбедност.[29] Неодамна, судот во Осло прогласи за виновен човек за неколку обвинениј за воени злосторства за време на Босанската војна во деведесеттите години. Околу половина од 50 сведоци во постапката од четири различни земји Босна и Херцеговина, Србија, САД и Австралија, ги дадоа своите изјави преку видео линк . Без можност за видеоконференции, многу од сведоците, вклучувајќи ги и клучните сведоци, не сакале или не можеле да допатуваат во Норвешка. Претседателот на советот бил задоволен од спроведувањето на видеоконференциските сведочења и го сметал овој договор како голем успех.[30]

И покрај нагласувањето на предностите во однос на употребата на ова средство на меѓусебна правна помош во рамки на ЕУ, сè уште не се надминати некои технички проблеми. Најголем практичен проблем често е недостапноста на техничка опрема во судот кој се наоѓа најблиску до местото каде сведокот е резидент.[31] Временските разлики во рамки на Европската унија, исто така претставуваат проблем, а

испитувањето, го утврдува идентитетот на лицето и потврдува дека лицето се согласило да биде испитано по пат на телефонска конференција.

[29] http://www.ccbe.eu/fileadmin/user_upload/document/E-Justice_Portal/17 18_02_2009/Presentations/23_Videoconferencing_in_Norwegian_courts.pdf

[30] Jostein Løvoll, *Video conferencing in Norwegian courts (Prague, 18.02.2009).*

[31] http://www.unafei.or.jp/english/pdf/RS_No73/No73_08VE_Kapplinghaus3.pdf

особено во однос на видеоконференциите во светски рамки. И покрај проблемите во спроведување на овој начин на прекугранична соработка, може да се заклучи дека државите членки, имаат добро искуство и процедурални резултати низ употребата на видео -сослушувањата и ја прифаќаат оваа нова форма на обезбедување правна помош. Спротивно на искуствата со заеднички истражни тимови, реакциите на надлежните власти во државите членки се позитивни и без поголеми ограничувања. Процедурите не се толку скапи, барањата се исполнуваат лесно и проблемите со "традиционалните" барања можат да се избегнат. Сослушувањата преку видеоконференција, ќе бидат успешни само доколку се добро подготвени, со јасни и фокусирани дискусии и договори меѓу државата барател и замолената држава пред одржување на рочиштата. Во раната фаза на билатерална соработка, мора да се направат технички подготовки, мора да бидат вклучени толкувачи и евентуалните забелешки дадени од страна на сведокот, треба да се дискутираат и појаснат. Ова ќе и овозможи на замолената држава да им приjде на сведоците во една рана фаза и да започне со потребните подготовки од техничка природа за да се обезбеди брз и адекватен одговор за државата барател.

2. 2. Прекугранично набљудување

Судската соработка помеѓу државите, вклучува и практична соработка на надлежните министерства, судовите и другите органи на кривичната постапка и извршувањето на одлуките, како и законодавна активност, кои пред сè, треба да обезбедат екстрадиција меѓу државите членки на ЕУ, компатибилност со други закони, особено во однос на кривичната постапка, координирани прописи за надлежноста на судските и другите истражни и органи на кривично гонење. Организираниот криминал не е ограничен во државни рамки. Затоа, и покрај непостоењето на гранични проверки, соодветните надлежни органи на Шенген – државите, тесно соработуваат во насока на откривање и спречување на облиците на организиран криминал. Полициската соработка во Шенген – рамката, вклучува пет основни области на активност, вклучително и размена на офицери за врска, размена на информации, хармонизација на комуникациски мрежи, како и прекугранично набљудување и постојано гонење на лица што претставува невиден напредок во клучната област на извршување на

една државна власт.[32] Заедничката соработка на државите им овозможува на полициските власти на една држава под одредени услови да продолжат со нивните активности на територијата на соседната држава, како обврзани да соработуваат и помагаат едни на други во спречување на криминалот. Комуникацијата помеѓу полициските власти во овие случаи е директна, а писмените информации обезбедени од страна на замолената држава, во случај на соработка со цел обезбедување на докази во постапката, можат да се користат од страна на државата – подносител на барањето како доказ во кривичната постапка само со согласност на надлежниот судски орган на замолената договорна страна.

Полициските службеници (во поединечни земји, покрај полицијата, се однесуваат и на други органи за спроведување на законот, како што се жандармеријата, царинските органи, па дури и општински полициски сили во поширока смисла) на една Шенген – држава кои чуваат под надзор лице осомничено дека учествувало во извршување на кривично дело за кое може да биде побарана екстрадиција, се овластени да го продолжат својот надзор на суверената територија на друга Шенген – држава, доколку таа е овластена за прекуграничен надзор низ одговор на барање за помош направено однапред. Под точно одредени услови, поради особено итни причини, службениците можат да продолжат со надзор на лице, дури и ако претходно овластување не постои. Овој исклучок, сепак, се однесува само на посебно наведени кривични дела, определени во рамки на одредбите на Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја. Полициските службеници кои на територијата на сопствената држава гонат лице затечено во извршување на кривично дело, имаат можност, под одредени услови, да ја продолжат потрагата по тоа лице на територијата на друга држава. Истото важи и за следење на лице кое е приведено или лишено од слобода или за побегнат затвореник. Гонењето мора да биде оправдано од причини на итност и непостоење на можност за претходно известување на релевантната држава; тоа мора да се однесува на лице затечено во вршење на кривично дело или лице кое се наоѓа во бегство. И во двата случаи, мора да се почитуваат одредени ограничувања на територијата на другата

[32] https://www.euroskop.cz/8423/sekce/the-principles-of-schengen-cooperation/#2

држава (полициските службеници мора да се придржуваат кон законот на државата на чија територијата се активни), односно тие можат да користат оружје единствено при неопходни самоодбрана; другите ограничувања се однесуваат на можноста за апсење лице или влез на имот кој не е отворен за јавноста.

Со цел да се насочат полициската и царинската соработка и да се обезбеди навремена размена на информации поврзани со прекугранично надзор, особено во пограничните области, договорните страни воспоставуваат ефикасни меѓусебни контакти или соработуваат преку офицерите за врска или други средства. Можноста за меѓусебно преместување на офицери за врска, игра многу важна улога со цел да се зајакне и забрза соработката, особено преку размена на информации, во одговор на барањата за полициска соработка и правна помош во кривичната материја или преку помагање на властите одговорни за заштита на надворешните граници. Офицерите за врска не се овластени да преземаат полициски мерки и се делегираат на билатерална основа.

На ниво на региони, прекуграничната соработка е засилена во текот на изминатите неколку години со формирањето на заеднички центри за полициска и царинска соработка.[33] Една од главните причини за формирање на овие центри е утврдувањето на фактот дека меѓународните структури за спроведување на законот, како и Европол и Интерпол, даваат приоритет на сериозниот и организиран криминал.[34] Сепак, транснационалниот криминалитет, не се однесува само на организираниот криминал, туку и на кражби, грабежи и сл., кои најчесто се извршени од страна на криминалци кои живеат на помалку од дваесетина километри оддалеченост од местото на злосторството. Нивното апсење е тешко, бидејќи тие ги злоупотребуваат националните граници на ист начин како и организирани криминални групи. Заедничките центри за полициска и царинска соработка работат 24 часа,

[33] Главните задачи на овие центри се: размена и анализа на информации, подобрување на транснационалната соработка, поддршка на кривичните истраги, соработка во барањата за меѓусебна правна помош, прекугранична соработка, соработка во координација на операциите и соработка во образовните прашања во врска со транснационална соработка.

[34] Council of Europe, C*ross border cooperation in the combating of organised crime* (Strasbourg: Council of Europe, 2003), 14.

седум дена седмицата. Како функционираат офицерите на овие центри?! Прагматизмот е неопходен за да се материјализира соработката меѓу службениците чии средини во голема мера се разликуваат. Од една страна, функционирањето на центарот зависи многу од поединците, чие знаење и искуство се одлучувачки. Од друга страна, пак, центарот може да работи легално само во просторот предвиден со формалната правна рамка. Во пракса, персоналот во центрите се соочува со правни пречки и процедури кои одземаат многу време, па оттука доверливата соработка и тимската работа, се од суштинско значење за нивното нормално функционирање. Иако денес постојат многу облици на заедничка прекугранична соработка во Европа, овие центри претставуваат уникатна мешавина на институциите на формална контрола. Всушност, центарот е институција – посредник помеѓу различните организации вклучени во процесот на справување со кривични дела кои ги преминуваат границите на една држава.[35]

Во согласност со определбата на законските одредби, меѓународната соработка се дава во сите постапки во однос на кривични дела чие гонење во времето на поднесување на замолницата за меѓународна правна помош во кривична материја или барањето за меѓународна соработка во кривичната материја е во надлежност на правосуден орган на државата барател[36]. Меѓународната правна помош, како еден од видовите на меѓународна соработка, покрај останатите облици на заемно дејствување на државите во насока на сузбивање на кривични дела со странски елемент, го опфаќа и прекуграничното набљудување. Условите за определување на овој облик на меѓународна правна помош, во член 35 ги пропишува Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, како единствен акт кој ги регулира начините на постапување во оваа област, кој во дополнување со Законот за кривичната постапка, дава целосна слика на условите и потребата од меѓународна соработка со цел процесуирање на конкретен кривичен предмет кој засега две или повеќе држави. Анализирајќи го законскиот

35

http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/economiccrime/organisedcrime/BestPractice5E.pdf

36 Член 3 став 1 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

текст, доколку во текот на истражна постапка во странска држава, предмет на набљудување е лице за кое постои сомневање дека учествувало во вршење на кривично дело или лице за кое постојат сериозни причини да се верува дека може да помогне во идентификација на лице за кое постои сомневање дека учествувало во вршење на кривично дело за кое според одредбите на Законот за кривичната постапка може да се применат посебни истражни мерки, странската држава има право да побара од надлежното јавно обвинителство на Република Македонија да дозволи службени лица на странската држава да продолжат со започнатото набљудување на територијата на Република Македонија. Притоа, надлежното јавно обвинителство на Република Македонија дава овластување да се продолжи со набљудувањето врз основа на претходно поднесено барање за меѓународна правна помош. Во овој поглед, решението во целост е соодветно на одредбата на член 17 од Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, според кој, агентите на некоја од државите кои, во рамки на судска истрага, набљудуваат лице за кое постои сомневање дека учествувало во вршење на кривично дело за кое може да се одобри екстрадиција, или лице за кое постојат сериозни причини да се верува дека може да доведе до идентификување и лоцирање на погоре споменатото лице, се овластени да продолжат со набљудувањето на територијата на друга држава, ако таа дозволила набљудување врз основа на претходно поднесено барање за меѓусебна правна помош. Овластувањето може да биде дадено под определени услови. Во согласност со став 3 на член 35 од Законот, и овластени службени лица од домашни надлежни органи, имаат право да бараат од странски надлежни органи да дозволат продолжување на започнато набљудување на територијата на странската држава, кога истражната постапка се води во Република Македонија. Во однос на итноста на постапувањето, условите и можноста за постапување без соодветното овластување од надлежното јавно обвинителство на замолената држава кои Законот ги пропишува, во целост се совпаѓаат со условите кои за вакво постапување ги определува Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, кој во посебна одредба (член 17 став 6) пропишува дека, набљудување без соодветно овластување може да се спроведе само за таксативно

наброените кривични дела во Протоколот.[37] Законските решенија, во насока на целосно почитување на меѓународните стандарди од оваа област, се соодветни и на други документи кои РМ ги ратификувала и ги почитува како составен дел на домашното законодавство, помеѓу кои и Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, која овој облик на меѓународна помош го регулира под одредбата Прекуграничен надзор, меѓутоа е тесна во однос на лицата за кои може да се бара надзор, односно дозволува прекуграничен надзор единствено за лице за кое се претпоставува дека учествувало во кривично дело за кое се врши екстрадиција, согласно билатералните договори[38]. Почитувајќи ги стандардите поставени со меѓународните документи од оваа област кои се дел од националното право на РМ и кои се отсликуваат низ одредбите на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, низ своите одредби, истиот ги определува минималните услови кои треба да бидат исполнети при преземање на дејствијата на прекугранично набљудување, односно овластените службени лица на странскиот надлежен орган кои вршат набљудување на територијата на Република Македонија, треба да постапуваат согласно со законодавството на Република Македонија и да ги почитуваат наредбите на домашните надлежни органи; треба да имаат документ со кој се потврдува дека им е дадено овластување и треба да бидат во можност во секое време да го докажат своето службено својство; можат да го носат нивното службено оружје во текот на набљудувањето, освен ако поинаку не одлучиле домашните надлежни органи, а употребата на оружјето е забранета, освен во случај на самоодбрана; на овластените службени лица на

[37] Види член 35 став 4 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010 и член 17 став 6 од Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 44/2003.

[38] *Police Cooperation Convention for Southeast Europe* 2006, склучена во Виена на 5 мај 2006 година од страна на Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Македонија, Република Молдова, Романија и Државната заедница на Србија и Црна Гора, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, објавен во Службен весник на Република Македонија 74/2007.

странскиот надлежен орган им е забрането да влегуваат во живеалишта и места кои не се достапни за јавноста и странските надлежни органи од кои доаѓаат овластените службени лица кои вршат набљудување на територијата на Република Македонија, по барање на домашните надлежни органи, и даваат помош на истрагата што следи по спроведеното набљудување.[39]

3. Контролирана испорака

Надоврзувајќи се на претходно споменатата Конвенција за меѓусебна помош во кривичната материја помеѓу земји членки на ЕУ, и истражните иновативни методи за сузбивање на прекугранично криминалитет кои се предвидуваат со неа, неминовно е да се спомене контролираната испорака, како мерка која истата ја предвидува.

Контролираната испорака е алатка вметната од органите за прогон и истата е неопходна за ефективо откривање и спречување на организиран криминал. Неретко се јавува потребата за примена на оваа мерка. „Со интензивирањето на меѓународната соработка во борбата против организираниот криминал, оваа мерка во поново време сè повеќе се применува за откривање на сторители на кривични дела од различни области. Целта и смислата на оваа мерка е да се откријат, не само испраќачот на пратката, туку и примачот, заради што и се применува контролата на испораките кон другите делови на светот. Покрај испраќачот, како почеток на синџирот на илегалната трговија и крајниот корисник, купувачот на стоката, потребно е да се откријат и другите алки на синџирот кои учествувале во транспортот на пратката. Заради тоа, применувајќи ја мерката за контрола на пратката, пратката и нејзиниот транспорт се следи од почетната до крајната дестинација. Тоа значи дека во одредени случаи припадниците на полициските и царинските служби биле информирани за пратката, но истата ја пропуштале и ја следеле најзината дестинација, со цел да ги откријат сите кои биле инволвирани во илегалната трговија.[40] Оваа мерка

[39] Член 35 став 6 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

[40] Марина Малиш - Саздова, „Заштита на културното наследство на Република Македонија (криминалистички аспекти)“, во *Зборник на трудови „Заштита на*

најчесто не оди сама, односно се јавува како предворје на следењето на комуникации и лица и помага во нивната реализација и користење, од причини што и за самата најчесто е регулирано дека може да се документира нејзиното вршење и извршување. За да се следи пратката, потребно е да се следат и комуникациите заради добивање на информации - каде, како и на кој начин ќе се изврши илегалниот транспорт.

Интернационално гледано, контролираната испорака, односно контролирана достава претставува подгрупа на опсервацијата. Прекуграничните контролирани испораки, се всушност контролирани пренесувања на дрога, оружје, на украдена стока од секаков вид во форма на увоз, извоз или транзит. Значи, објектот, односно предметот на контрола, може да биде набљудуван при негово изнесување од конкретната држава, при влез во конкретната држава, кога само поминува низ односната држава, како и сумирано, низ целата негова дестинација. Ваква контролирана испорака прекугранично е дозволена и оправдана кога на друг начин не можат да се откријат помагачите или патиштата на дистрибуирање, потоа кога контролата е така формирана што се гарантира постојан пристап на органите за кривично гонење до сторителите и објектите на кривично дело, кога сите засегнати држави се согласни на увозот и транзитот и кога странската држава при извозот или транзитот гарантира дека транспортот е постојано контролиран, органите за кривично гонење се постојано информирани за тековните фази на истрагата и се води истрага против односните субјекти.

Контролираните испораки се препорачани во член 11 од Конвенцијата на Обединетите Нации против недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанци од 1988 година. Во конвенцијата е наведено дека конторлирана испорака е техника со која се дозволува незаконски или сомнителни пратки на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, да излезат, поминат или да влезат во територијата на една или повеќе држави, со знаење и под надзор на надлежни органи, со цел идентификација на личноста вмешана во вршење на делото. Меѓусебна соработка најчесто се одвива преку

културното наследство во Република Македонија" (Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Факултет за безбедност - Скопје, 2010).

Интерпол, земјите се информираат за ваквиот транспорт и следи пропуштање на пратката, но истовремено се откриваат сите кои се инволвирани во илегалниот транспорт. За ваков начин на комуникација и соработка на службите од различни држави, потребно е да се дефинираат надлежностите и ингеренциите на секоја држава членка посебно. Конвенцијата од Палермо против транснационалниот организиран криминал од 2000 година, ја дефинира контролираната испорака како техника на пропуштање на недозволена или на сомнителна пратка со стока надвор од, преку или низ територијата на една или на повеќе држави, со знаење или под контрола на нејзините надлежни институции, во интерес на истрагата на казнивото дело или заради идентификација на лица вклучени во извршувањето на казнивото дело. Член 20 од истата Конвенција ги обврзува земјите членки, доколку е дозволено согласно националниот правен систем и можностите и условите пропишани во националните системи, да ги преземе сите неопходни мерки за да дозволи соодветна употреба на контролираната испорака и за употреба на други специјални истражни техники, како електронско или друго набљудување и прикриени операции, од компетентни органи на нејзината територија заради ефикасно сузбивање на организираниот криминал. Одлуките за употреба на оваа мерка на меѓународно ниво, можат со согласност на заинтересираните држави - членки, да вклучат и методи како навлекување и дозволување стоките непречено да го продолжат патот или да бидат отстранети или заменети целосно или делумно, во зависност од тоа што повеќе кореспондира со конкретната ситуација и каков треба да биде натамошниот тек на истрагата. Она на што обврзува Конвенцијата е континуирана тренинг програма на полицискиот персонал, обвинителите, судиите и царинскиот персонал, кои, меѓу другото, треба да ги развиваат и техниките и опремата за вршење на контролирана испорака (член 29).

На ниво на правна уреденост на материјата во рамки на Европската Унија, заснована врз погоре споменатиот член, контролираната испорака е предвидена во член 22 од Конвенцијата на меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските администрации од 1997 година и во член 12 од Конвенцијата за меѓусебна помош во кривичната област меѓу државите членки. Во последната е регулирано дека секоја земја членка ќе се обврзи да осигура дека на барање на друга држава членка ќе дозволи на својата територија да се спроведе контролираната испорака, во рамки на кривичните истраги за дела

подложни на екстрадиција. Одлуката за извршување на контролирана испорака ќе се донесе за секој случај одделно од страна на надлежни органи во замолената држава членка, предводени од националното законодавство на таа држава. Контролираните испораки ќе се спроведат во согласност со процедурите на замолената држава. Надлежните органи на замолената држава го имаат правото да дејствуваат и да насочуваат и контролраат операции поврзани со контролираната испорака.

Сепак, контролираната испорака како истражен метод, не секогаш е правно регулирана, односно подведена под словото на законот. Многу држави се приклонуваат кон административни правила, упатства и слично. Таква е Данска во која, слично на Норвешка, не постои посебна правна рамка за контролирана испорака, но од 31 јули 2002, Министерството за правда во Данска донесе упатства за прекугранична контролирана испорака[41]. Исто така, во почетокот на примена и регулирање на оваа мерка, најчесто контролираната испорака се однесувала за контролирање на пренос на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, за до денес, во повеќето земји да достигне примена за секаков вид на стока.

Република Македонија како земја која претендира да биде членка на Европската Унија, исто така во своето законодавство ја предвидува контролираната испорака како истражен метод. Од меѓународен аспект, согласно Законот за меѓународна соработка во кривичната материја од 2010 година, меѓу апектите на реализација на меѓународна правна помош е предвидена оваа истражна мерка во член 11, за да биде прецизирана во член 36 од истиот закон. Првиот став регулира кој е овластен за иницирање на барање и издавање на наредба. Барање може да поднесе јавниот обвинител на РМ или од него овластен надлежен јавен обвинител, а по ова барање, надлежен судија на претодна постапка може со наредба да дозволи контролирана испорака на лица и предмети од странска држава на територијата на РМ во рамките на кривичната истрага, за кривични дела за кои според одредбите на ЗКП можат да се применат посебни истражни мерки. Впрочем, и контролираната испорака во нашето национално законодавство е посебна истражна

[41] Подетално за одделни држави членки на: http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index44352EN.html (last access 09.09.2014).

мерка. Јавниот обвинител на РМ донесува наредба за контролирана испорака за секој конкретен случај согласно домашното законодавство. Надлежниот јавен обвинител на РМ може да побара од странски надлежни органи на нејзина територија да биде организирана контролирана испорака на лица и предмети. Во однос на спроведување на мерката, односно дејствувањето, контролата и управувањето со активностите надлежност имаат правосудната полиција и други службени лица овластени од надлежниот јавен обвинител на РМ или од надлежниот судија за претходна постапка. Овој член предвидува и дека со цел документирање на кривичните дела за кои според ЗКП можат да се применат посебни истражни мерки, може да се применуваат техничките средства согласно националното законодавство.

Материјата понатаму е регулирана и со националниот процесен закон. Како посебна истражна мерка, контролираната испорака беше предвидена и во законот кој до скоро беше на сила во државата, па и сега во новиот Закон за кривична постапка од 2010 година. Во член 252 од ЗКП, таксативно се наброени посебните истражни мерки. Во став 1 точка 9, контролираната испорака и превоз на лица и предмети е наведена како една од нив и е предвидено дека спроведување на ваква мерка може да има само со писмена наредба на јавен обвинител.

Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци[42], на кој една од предвидените цели е токму спречување на недозволен промет на опојни дроги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога и супстанции кои можат да се употребат за производство на опојни дроги или психотропни супстанции, а што најчесто се јавува како објект на интерес кој се контролира при користењето на мерката, исто така ја дефинира контролираната испорака, па според член 3 став 1 точка 3, „контролирана испорака е техника на истрага со која на сомнителни или незаконски пратки од наркотични дроги или психотропни супстанции им се овозможува да бидат транспортирани, да влезат или да излезат низ територијата на повеќе земји, со знаење и надзор на нивните надлежни органи, со цел да се идентификуваат лицата вмешани во чинењето на илегалните дејствија“. Тука е редуциран и конкретизиран предметот на контрола и

[42] Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци, *Службен весник на Република Македонија* 103/08.

надзор и е сведен единствено на наркотичните дроги и психотропните супстанци.

Во поглед на усогласување на своето законодавство и практика со она на Европската унија, конкретно за оваа материја, согласно самиот Договор за стабилизација и асоцијација, Република Македонија ќе се залага за спречување и контрола на нелегална имиграција и реадмисија и активно ќе се бори против криминалот и други незаконски активности како нелегална трговија со дроги и психотропни супстанци, заедно со соработка за недозволени дроги, шверц, нелегална трговија со оружје, што на меѓународен план нужно ја подразбира контролираната испорака.

Прекугранично, Република Македонија активно соработува со повеќе држави во спречување на кривични дела, користејќи ја оваа мерка. Македонија од самиот почеток активно е вклучена во проект финансиран од Европската Комисија, а реализиран од австриската полиција, како една од првите држави која успеа да формира Единица за специјални задачи за меѓународна координација на органите за спроведување на законот. Со тоа се овозможува мошне побрза размена на информации помеѓу полициските служби на државите од регионот, со што се добива на брзина при реакциите и поуспешен настап против прекугранични организиран криминал. Во ноември 2012 се спроведе симулација на акција за спречување илегален транспорт на дрога преку Охридското Езеро, со што се демонстрира подготвеноста на единиците на Специјалните сили на МВР за нивна реакција при обид за криминални активности на Охридското Езеро, во случајот илегален транспорт на стоки преку езерото, притоа користејќи информации добиени преку соработка со надлежните служби од Албанија и Косово. Целта на овој проект е да се спречи прекугранични криминал, од економски криминал, случаи на киднапирање лица, сè до контролирана испорака на наркотични средства. Генералот од австриската полиција и раководител на проектот ИЛЕЦУ – Меѓународна единица за спроведување на законот, истакнал дека македонската полиција мошне високо котира во европски рамки, кога е во прашање нејзината подготвеност за дејствување во слични ситуации, притоа нагласувајќи ја добрата соработката помеѓу полицијата на Австрија и на Македонија,

која во иднина ќе биде надградувана.[43] При вакви вежби и проекти, се гледа и поврзаноста на контролираната испорака со примената на други истражни мерки, најчесто посебни истражи мерки и предноста на контролирање на пренос на наркотични дроги прекугранично, пред која било друга стока.

Во однос на основот по кој таа соработува и прекугранично ја користи мерката контролирана испорака, освен меѓународните акти на кои Република Македонија е потписничка и кои се ратификувани, постојат и мноштво на билатерални и мултилатерални договори. Во Спогодбата на РМ со Владата на Република Словачка за соработка и заемна помош по царински прашања, се споменува и дефинира поимот на контролирана испорака и детално се регулира надзорот на стоки, лица, транспортни средства и места кои ќе бидат вршени од страна на царинскиот орган на една држава по сопствена иницијатива или барање од другата договорна страна. За контролираната испорака, во спогодбата се споменува дека оваа мерка ќе се применува врз основа на взаемна согласност со цел одредување на лица кои се вмешани во недозволена трговија и преземање на законски дејствија против нив. Одлуки за примена на оваа мерка ќе се донесуваат посебно за секој поединечен случај.[44] Ваква спогодба за царинска соработка Република Македонија има потпишано и со Босна и Херцеговина, Финска, Украина, Турција, Албанија, Франција, Русија, Данска, Бугарија, Холандија, Косово Полска (за соработка во борбата против организираниот криминал и други форми на криминал) и други држави и секаде контролираната испорака е неминовен дел од спогодбите со цел сузбивање на прекуграничен криминал.

Од понеодамнешните, во 2011 година, Македонската полиција во соработка со полициските служби на Германија и СЕКИ центарот од Букурешт пресече меѓународен канал за транспорт на кокаин и приведе четворица македонски државјани осомничени за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,

[43]http://sitel.com.mk/specijalcite-vo-ohrid-demonstriraa-podgotvenost-za-sprechuvanje-prekugranichni-kriminalni-aktivnosti

[44] Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словачка за соработка и заемна помош по царински прашања, *Службен весник на Република Македонија* 103/08.

психотропни супстанции и прекурсори“[45] По спроведена заедничка операција на контролирана испорака на дрога на релација Санта Круз, Боливија, преку Франкфурт, Германија со крајна дестинација Охрид, Македонија пресече меѓународен канал на транспорт на кокаин при што се запленети 1,465 килограми висококвалитетен кокаин. Малопродажна вредност на пазарот на наркотици би можела да достигне и до половина милион евра[46]. На 9 јануари истата година, царинските служби од Германија на меѓународниот аеродром во Франкфурт, детектирале поштенската пратка со која се транспортирал филтер за вода за водна пумпа во чија внатрешност била сокриен кокаин. Пратката била испратена од Боливија со крајна дестинација Охрид, Македонија, при што како примач на пратката бил наведено лицето Б.П., Виа Населба Охрид 6000 Македонија, а испраќач на поштенската пратка на пакетот било посоченото лице од Боливија, Victor Hugo Salvatierra Cespedes[47]. За да се обезбедат докази за реализирање на случајот и идентификување на криминалната група, спроведена е меѓународна операција - контролирана испорака на наркотична дрога кокаин за што од страна на нашата национална единица за борба против недозволена трговија со дрога се применети посебни истражни мерки. Примачот на пратката, Б.П. со такси возило, пристигнал во просториите на ТНТ - експрес и откако ја подигнал поштенската пратка, излегол од просториите на ТНТ - експрес со намера пакетот да го предаде на неговиот татко В.П. кој бил паркиран непосредно пред ТНТ - експрес. Двете лица се лишени од слобода, а поради основано сомнение за инволвираност во недозволената трговија со кокаин, во близина на меѓуградската автобуска станица во Скопје од слобода се лишени уште две лица., за кои во истрагата е утврдено дека се нарачатели на пратката и кои, по преземање на дрогата, истата понатаму требало да ја предадат на непознати лица.

Соработка на оваа единица со германската полиција е позната и од случајот „Франкфурт“ од 2010 година кога е употребена мерката контролирана испорака за контролирање на движењето на испораката

[45] http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/655973/index.htm

[46] http://www.tvm.mk/vesti/struga/9653-zaplenet-boliviski-kokain

[47] http://kirilica.com.mk/vest.asp?id=62122

кокаин - паста по воздушен пат. Дрогата патувала од Перу преку Германија до Македонија и притоа се запленети близу два килограма кокаинска паста, но и поголема количина брендирана текстилна облека која исто така била предмет на контролирана испорака. Кокаин - пастата, спакувана како поштенски пакет, патувала со авион, а требало да пристигне на адреса во скопската населба Влае. Откако биле добиени оперативните сознанија за обезбедување докази за реализирање на случајот и идентификување на инволвираните, била спроведена контролирана испорака на кокаинот. По пристигнувањето на пратката во државава, од полицијата биле преземени мерки, а потоа во Пошта 2 во Скопје бил одземен пакетот со боја на порцелан во кој бил сокриен кокаинот.[48]

4. Заеднички истражни тимови

Формирањето на заеднички истражни тимови, интернационално познати како меѓународни групи на истрага, спаѓа во базичните белези на правната помош. Претставува напредна варијанта на меѓудржавна соработка остварена преку испраќање на службеници за истрага во друга држава. Од меѓународен аспект се работи за група на полициски службеници со потекло од најмалку две или повеќе држави кои работат на расчистување на комплексен криминалитет во кој, на еден или друг начин, се инволвирани најмалку две држави. Ваквите меѓународни групи на истрага можат да се формираат преку зајакнување на службите кои ја водат истрагата со странски истражни служби или пак службите на државата каде се води постапката да преземаат истражни мерки во странска држава.

На територијата на Европската Унија, заедничките истражни тимови (познати како JIT – Join Investigation Team) се истражни тимови формирани за определен период со посебна намена, основани со договор меѓу две или повеќе држави членки, односно надлежни органи[49]. Трети земји може да учествуваат во вакви тимови единствено со согласност на сите останати страни. Целта поради која вакви тимови се формираат е да

[48] http://www.utrinski.mk/?ItemID=D48C90C0F84B384B9590E4018351B163

[49] https://www.europol.europa.eu/content/page/joint-investigation-teams-989 (last access: 08.09.2014)

истражуваат за конкретно сторено кривично дело, додека невозможно е да се формираат вакви тимови за истражување на посебни типови на кривични дела, односно да се користи овој концепт за формирање на специјализирани оперативни тимови со генерички надлежности.

Во член 13[50] од Конвенцијата за меѓусебна помош во кривична материја помеѓу земјите членки на ЕУ од 2000 година на Советот на Европска Унија, во рамки на современите истражни мерки, опфатени се токму заедничките истражни тимови каде во став 1 е предвидено дека надлежните органи на две или повеќе држави членки на ЕУ можат со меѓусебен договор, да формираат заеднички истражен тим со одредена цел за определен период (кој може со меѓусебна согласност да биде продолжен) за вршење на кривична истрага во една или повеќе држави членки, што значи истите не се обврзани да формираат вакви тимови, туку е оставено на нив дали ќе ги здружат силите во истрагата или не. Составот на тимот се утврдува во договорот, што значи дека може да вклучува припадници на полицијата, како и јавни обвинители и судии. Членот понатаму детално регулира кога и во кои услови може да се состави ваков тим, па се вели дека се составува кога истрагата за сторено кривично дело на една држава членка е толку тешка и сложена што има потреба од постоење врски со други држави членки или кога во одреден број од државите членки на ЕУ се спроведува истрага за сторено кривично дело за кое околностите на случајот и на истрагата бараат координирани и конкретни акции на вклучените држави членки. Сумирано, за да постои тим мора да постои конкретна цел, односно сторено кривично дело кое бара истрага и расветлување, како и ограничен временски период, со можност за продолжување, во кој активностите треба да бидат преземани. Барање за формирање на тим може да поднесе било која засегната држава членка, а тимот се поставува во државата каде се очекува дека ќе се врши истрагата. Условите под кои треба да работи заедничкиот истражен тим на територијата на државата членка, се: лидерот на тимот треба да биде претставник на надлежниот орган кој учествува во истрагата од

[50] Исто и во член 20 од Вториот дополнителен протокол на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, *Службен весник на Република Македонија* 44/2003.

државата членка во која тимот ги презема истражните мерки и треба да работи во границите на надлежноста согласно националното право; тимот ќе ги презема истражните мерки и активностите воопшто во согласност со правото на државата членка на чија територија се преземаат истражните дејствија; членовите на тимот ќе ги вршат работите под водство на лидерот, а земајќи ги во предвид условите поставени во договорот од органите од кои произлегуваат; државите членки каде се преземаат истражните дејства, се должни да ги направат сите потребни организациони ангажмани за да им овозможи непречена работа. Тимот, освен од членови кои потекнуваат од државата членка каде се преземаат истражните дејствија, е сочинет и од други членови од други држави членки, кои се познати како „прераспределени“ (‘seconded’) во тимот и истите, доколку лидерот не одлучи поинаку, имаат право да бидат присутни кога се преземаат истражните дејствија во односната држава членка (поинаку може да биде одлучено доколку се работи за случај од типот на сексуален криминалитет, особено ако жртвата е малолетна). Во согласност со законите на оваа држава членка, на прераспределените членови, од страна на лидерот, можат да им бидат доделени задачи за преземање на конкретни истражни мерки, доколку истото е одобрено од надлежните органи на членката каде се преземаат дејствијата и државата членка од која потекнуваат прераспределените членови. Во случај да се јави потреба од помош од држава членка која не учествува во поставувањето на заедничкиот истражен тим, или пак од трета држава, од страна на надлежен орган на државата членка каде се преземаат активностите може да се состави барање за помош кое се поднесува до надлежен орган во другата држава, во согласност со релевантни инструменти или аранжмани. Во одредени случаи, до степен до кој дозволува законодавството на засегнатите држави членки, во тимовите можат да бидат вклучени и лица кои не ги претставуваат надлежните органи на државите членки и да им бидат доверени активности при преземање на одредени истражни дејствија. Значи, ваквата трета група на членови, ако за прва се сметаат членовите од државата каде се спроведуваат активностите и како втора - прераспределените членови, може да биде сочинета од лица кои потекнуваат од трети држави или пак од органи внатре во Унијата, како „Eurojust“, „Evropol“ или „OLAF“. Особено иновативно е решението од став 7 од членот 13, кое им дава можност на прераспределените членови да побараат од надлежните органи во државата од која потекнуваат да

преземат мерки кои ги бара тимот. Државата членка каде се преземаат активностите, не мора да испрати посебно барање за правна помош.

Од причини што за влегувањето во сила на оваа Конвенција била потребна ратификација од најмалку осум земји членки, што не било постигнато, Советот, сметајќи дека постоењето на правно - обврзувачки инструмент во оваа материја е далеку посоодветно, на 13 јуни 2002 година ја усвои Рамковната одлука за заеднички истражни тимови[51], со која се репродуцира споменатиот член 13 од Конвенцијата од 2000 - та година и со која се обврзуваат државите членки да ги преземат потребните чекори за спроведување на одлуката до 1 јануари 2003 година. Конечно, со влегувањето во сила на Конвенцијата од 2000 година, на 23 август 2005 година (по петгодишна нестабилност за правна основаност на постоењето на заеднички тимови) се создала правна основа за формирање, постоење и работење на вакви тимови, секако со поголеми последици поради петгодишната неизвесност и несоодветна и недоволна примена на тимовите. Советот на Европската Унија, со цел да ги доближи формирањата на вакви тимови до државите членки и да ја стимулира нивната примена, на 8 Мај 2003 година, усвои Препорака за модел договор за создавање на заеднички истражен тим[52], а на 26 февруари 2010 година ја усвои Резолуцијата за модел договор за формирање на заеднички истражен тим[53]. Дополнително, некои држави членки меѓусебно договориле обрасци на вакви договори со цел забрзување на договорниот процес. Во оваа насока, во 2005 година, секоја држава членка беше задолжена да назначи национален експерт, што водеше кон назначување на национални експерт -контакт точки на Заедничките истражни тимови. Ваквата мерка била проследена со две Декларации за борба со тероризмот во 2004 и 2005 година, со што

[51] The Council of European Union, „Council Framework Decision of 13 June 2002 on Joint Investigation Teams“, *Official Journal of the European Communities* (2002): 1-3.

[52] The Council of European Union, „Council Recommendation of 8 May 2003 on a model agreement for setting up a Joint Investigation Team (JIT)“, *Official Journal of the European Union C 121 (2003): 1.*

[53] The Council of European Union, „Council Resolution of 26 February 2010 on a Model Agreement for setting up a Joint Investigation Team (JIT)“, *Official Journal of the European Union (2010): 1- 12.*

повторно се нагласила потребата за користење на вакви тимови. Така, првиот состанок на националните контакт точки на Заедничките истражни тимови бил свикан во просториите на Eurojust во соработка со Europol на 23 ноември 2005 година, каде меѓу останатото во насока на разработување на ваквите тимови, иницирано е создавање на Прирачик, односно Водич за правната рамка на државите членки на ЕУ за Заедничките истражни тимови[54], кој треба да посочува кога постои потреба од заеднички истражен тим и да им ги понуди законските основи на практичарите за постоењето на овие тимови. Ваквиот Прирачник е донесен на 4 Ноември 2011 година во Брисел од страна на Советот на ЕУ, а вакви состаноци се одржуваат на годишно ниво.

Согласно Прирачникот, како предности на постоење на здружени истражни тимови, се издвојуваат можноста за споделување информации директно меѓу членовите на тимот, без формалности, како и можноста да се побара преземање на истражни дејствија меѓу членови на тимот директно, потоа градењето на доверба меѓу практикантите од различни јурисдикции и различни работни опкружувања, формирање на најдобра платформа за оптимална истрага и стратегија за прогон, овозможување на Europol и Eurojust да бидат директно инволвирани и директно да помагаат, а сето ова во насока на водење на една интернационална истражна постапка до крај.

Заеднички истражен тим може да биде формиран меѓу држави членки на ЕУ и трети држави и тоа преку интернационален правен инструмент, билатерален договор, мултилатерален договор и националната легислатива преку националното законодавство за кривична постапка. И Република Македонија која ваквата соработка ја остварува првично преку ратификувани правни инструменти, како на пример Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал од 2000 година, потоа со Законот за ратификација на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со додаден Протокол од 2001 и Законот за меѓународна соработка во кривичната материја од 14 септември 2010 година. Тука, во член 15, согласно со член 20 од дополнителниот Протокол кон Конвенцијата на Советот на Европа, како меѓународна правна помош е предвидено постоењето на заеднички истражни тимови како метод на остварување

[54] Guide to EU Member States' Legislation on Joint Investigation Teams.

на ваквата помош, а во член 38 од истиот Закон е објаснет поимот на заеднички истражен тим. Притоа, нашето национално законодавство предвидува дека домашните надлежни органи за откривање и гонење на организиран криминал и корупција можат да бидат дел од заеднички истражен тим со странски надлежни органи, формирани за определена цел и со ограничено времетраење и можност за негово продолжување во согласност со државите кои го формирале[55]. И кај нас страните договорно го определуваат составот на тимот кој се формира на една од државите. Причина поради која нашето законодавство предвидува формирање на ваков тим, е потребата од спроведување на сложени истражни дејствија поради мобилизација на значителни средства, како и потребата од координирано и усогласено постапување на заинтересираните страни заради комплексноста на случајот. Потребата од почитување на националното законодавство на државата на чија територија се преземаат истражите дејствија, е исто така нагласена во став 4. Надоврзувајќи се на ова, и кај нас е предвидено дека лидер на тимот, односно одговорно лице, е претставник на надлежен орган учесник во истрагата на државата на чија територија се преземаат активностите и дека оваа држава ги обезбедува организационите услови за работа на тимот. Можност за составување и испраќање на барање за правна помош од држава која не учествувала во формирањето на тимот, исто така постои и е предвидено во последниот став од членот. Сумирано, можноста за формирање и дејствување на заеднички истражен тим во нашето национално законодавство постои и е регулирана како во актите на Европската Унија, со цел доближување и усогласување на домашното со законодавството на државите членки. Во оваа насока, за подобра реализација на процесот на пристапување на Р. Македонија кон ЕУ, клучно за Министерството за внатрешни работи на РМ беше склучувањето на Договор за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Македонија и Европол, потпишан по пат на размена на писма, кој од Собранието на РМ е усвоен на 6 ноември 2011 година, а стапи на сила на 28 декември 2011 година. Во однос на заедничките истражни тимови, клучно е што врз негова основа и со негово стапување на сила, интензивирани се оперативни и стратешки активности за

[55] Исто како што е предвидено за ЈИТ во ЕУ во член 13 од Конвенцијата на Советот на Европската унија за меѓусебна помош во кривичната материја помеѓу државите членки на ЕУ од 2000 - та година.

поголема застапеност и учество на РМ во активностите на Европол, со цел користење на услугите и продуктите на Европол од страна на надлежните орани во РМ, како и зголемување на барањата и воедно на предметите за размена на стратешки и оперативни податоци меѓу Европол и РМ кои содржат лични податоци[56].

Република Македонија учествуваше како единствена трета држава во Заеднички истражен тим со Австрија, Германија и Холандија за сузбивање на недозволена трговија со хероин, во кој учествуваат Европол и Eurojust, а координацијата на барањата и размената на информации во најголем дел се одвиваше преку СМПС - Одделение за Европол. Во рамки на Заедничкиот истражен тим разменети се вкупно 11 барања, од кои 9 барања се пратени од Европол, а 2 од националните надлежни органи преку СМПС - Одделение за Европол[57]. Се работи за акцијата „Диригент“ која започна во 2008 година против т.н. „Франкфурт мафија“, а последното продолжение беше реализирано во периодот од септември 2012 до септември 2013 година, при што беа обезбедени докази и беа лишени од слобода лица припадници на организирани криминални групи, кои организирале улично дилерство на препродавачи на дрога на зависници на подрачјето на градот Франкфурт и неговата околина на територијата на Германија. Во рамките на заедничката истрага беа опфатени 62 лица од кои 44 лица во Германија и 18 во Македонија. Од лицата приведени во Германија, 26 - мина се македонски државјани. При активностите во Германија, запленети се 700 килограми смеса за мешање на хероин, 5 килограми чист хероин и над 5 килограми кокаин, како и 30 000 евра. Македонските членови на тимот запленија околу 5 килограми хероин кој членовите на групата од Македонија се обидуваа да го внесат од Турција со намера да го транспортираат за Франкфурт, но и помала количина на марихуана и амфетамин. Се утврдило постоење на три криминални групи кои дејствувале во Франфурт. Во РМ и надвор, приведени се преку 500 лица поради поврзаност со оваа група. Најголемиот дел, околу 460 се приведени на територијата на Германија, Австрија и Холандија. Во земјава од 2009 година до завршувањето на акцијата се приведени 70 лица. Запленети се преку 220 килограми хероин, 4 килограми кокаин и

[56] http://justicia.mk/ckfinder/files/EVROPOL.pdf (last access 09.09.2014)

[57]http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=11995&mid=1367&tabId=358&tabindex=0 (last access 09.09.2014)

неколку килограми марихуана. Документирани се трансфери на пари тешки неколку милиони евра, а десетици илјади евра се запленети, како и голем движен и недвижен имот[58]. На прес конференцијата од страна на Франц Ланг и Андреас Роринг (Директорите на крим полициите на австриското и германското МВР) во 2013 година, полициската операција "Диригент", е оквалификувана како класичен показ на успешната, квалитетна, добро осмислена и реализирана заедничка соработка и полициско партнерство. Притоа, потенциран е високиот професионализам и компетентност на соодветните македонски полициски служби кои активно учествуваа во операцијата "Диригент". Според Ланг, со овие заеднички полициски активности е зададен голем удар на сериозната и силна криминална организација. На прес конференцијата, исто така, беше нагласено дека оваа полициска соработка истовремено претставува класичен пример за тоа како и на кој начин треба да се работи во насока на остварување на потребните безбедносни стандарди во Европската унија[59].

Воопшто гледано, кај нас примена на заеднички истражен тим е искористена во случајот „Дора", под влијание на Вториот дополнителен протокол на Конвенцијата за меѓусебна правна помош во кривична материја на Советот на Европа и член 20, каде ваков тим е формиран од наши полициски служби и јавни обвинителства заедно со тие на Република Србија и Република Албанија. Истрагата се води за делата Криумчарење мигранти, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти, а за едно лице и за делата Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи

[58] Прес конференција на Министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска во врска со операцијата "Диригент", 20.09.2013, достапна на http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=12698&mid=1367&tabId=358&tabindex=0.

[59] http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=AD634D557C6CD64199AA871C9F363B1C (last access 09.09.2014)

и Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори[60].

Формирањето на заеднички истражни тимови како опција, ги отсликува истите како флексибилна истражна алатка која може да му биде од корист на истражителот. Секој тим мора да располага со јасна раководна структура и да постои јасна комуникација за успешно менаџирање со тимот. Сепак, дали ќе постои основа за формирање на ваков тим зависи од индивидуалните карактеристики на случајот, кој може да биде окарактеризиран и како поголем и посложен случај (што е најчеста варијанта), но и како помал, што според експертите на ЕУ е и препорачливо. Самото постоење на вакви тимови може да ја зајакне меѓудржавната доверба и контакти во расветлување на кривични случаи и воопшто во целокупната правна помош и меѓународна соработка.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Со цел полесно одвивање на истрагата надвор од границите на една држава и остварување на основните цели на една кривична постапка, соработката помеѓу државите во оваа област изразена преку меѓународната правна помош во кривичната материја, е во непрекинат развој. Базичните истражни методи, веќе познати како традиционални, изменети и збогатени пред сè од развојот на технологијата, кои ја отсликуваат правната помош како еден сегмент на меѓународната соработка во кривичната материја, постојат и денес. Сепак под влијание на споменатите технички и технолошки откритија, на организираноста на криминалитетот и неговите нови современи форми, мора да се одговори со посовремени истражни методи настанати под влијание на глобализацијата, како и со осовременетите форми на традиционалните истражни методи. Државите, секоја одделно и здружено, работат на развој на целокупната легислатива и пракса, со цел достојно соочување со криминалитетот и негово сузбивање. Интернационалната димензија на криминалитетот бара негово интернационално превенирање и сузбивање, а со постоењето на современите истражни методи тоа веќе е

[60] Вилма Русковска, Јован Илиевски и Марија де Лас Херас, *Посебни истражни мерки: Домашна и меѓународна практика, Прирачник за практичари* (Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, 2010) 26-28.

возможно и постои, при што се работи на нивно постојано усовршување, а врз основа на тоа и на подобрување на соработката меѓу државите засегнати од исти криминални групи и дејствија. Затоа и обработката на современите истражни методи во трудот е сконцентрирана на само мал дел од нив, на оние кои при нивната примена, нужно бараат блиска соработка меѓу државите засегнати со елементите на исто кривично дело.

Подготвеноста на државите за блиска соработка и создавање на поволни услови за преземање на дејствија од страна на една држава на територијата на друга држава, отвореноста која ја има и ставањето на едно поголемо заедничко добро пред сопствениот суверенитет, се аспекти интересни за разработка. Република Македонија, како земја со аспирации за влез во големата Европска заедница, е расположена за соработка и за овозможување на секаква правна помош од замолена држава. Следејќи ги во чекор легислативните промени, преку измена на сопственото законодавство и пристапување кон меѓународни билатерални и мултилатерални договори, Македонија јавно изразува готовност за адаптација и сопствено осовременување во поглед на истрагата и целокупната легислатива која и претходи.

Истражувајќи ја материјата со помош на case - study методот и имајќи ги во предвид поздравите кои и ги упатија големите Европски држави при остварувањето на заедничка соработка, може да се заклучи дека, во однос на кривично - правната истрага и законодавната и практичната усогласеност на Република Македонија со Европската Унија, државата е подготвена и ги задоволува сите битни критериуми за да стане рамноправна ЕУ членка.

БИБЛИОГРАФИЈА

Асоцијација за развојни иницијативи „Зенит“ и Гордана Лажетиќ Бужаровска. *Судската соработка во кривичните предмети и усогласеноста со правото на Европската унија - сегашна состојба и идни чекори.* Скопје: Министерство за правда, 2013.

Council of Europe. C*ross border cooperation in the combating of organised crime.* Strasbourg: Council of Europe, 2003.

General Secretariat of the Council of the European Union. *Video - conferencing as a part of European e - Justice: The Essentials of Videoconferencing in Cross-border Court Proceedings.* Belgium: Publications Office of the European Union, 2009.

Løvoll, Jostein. *Video conferencing in Norwegian courts. Prague, 2009.*

Малиш - Саздова, Марина. „Заштита на културното наследство на Република Македонија (криминалистички аспекти)“. Во *Зборник на трудови „Заштита на културното наследство во Република Македонија“*. Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност - Скопје, 2010.

Министерство за правда. *Ратификувани европски конвенции за меѓународна соработка во кривичната област*. Скопје: Министерство за правда, 2010.

Русковска, Вилма, Јован Илиевски, и Марија де Лас Херас. *Посебни истражни мерки: Домашна и меѓународна практика, Прирачник за практичари*. Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, 2010.

Vermeulen, G, W. De Bondt, and Y. Van Damme. *EU cross-border gathering and use of evidence in criminal matters. Towards mutual recognition of investigative measures and free movement of evidence?.* Portland: Maklu, 2010.

Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци. *Службен весник на Република Македонија* 103/08.

Закон за кривичната постапка. *Службен весник на Република Македонија* 150/2010.

Закон за меѓународна соработка во кривичната материја. *Службен весник на Република Македонија* 124/2010.

Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словачка за соработка и заемна помош по царински прашања. *Службен весник на Република Македонија* 103/08.

Police Cooperation Convention for Southeast Europe. *Службен весник на Република Македонија* 74/2007.

Council of Europe. *Additional Protocol to the European Convention on Information on Foreign Law* 1978.

Council of Europe. *Convention on the Transfer of Sentenced Persons*, 1983 with *Additional Protocol to the Convention on the Transfer of Sentenced Persons* 1997.

Council of Europe. *European Agreement on the Transmission of Applications for Legal Aid* 1977.

Council of Europe. *European Convention on Extradition*, 1957 with *Additional Protocol to the European Convention on Extradition*, 1975 and *Second Additional Protocol to the European Convention on Extradition* 1978.

Council of Europe. *European Convention on Information on Foreign Law* 1968.

Council of Europe. *European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters*, 1959 with *Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters* 1978.

Council of Europe. *European Convention on the Transfer of Proceedings in Criminal Matters* 1972.

Council of Europe. *Second Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters* 2001.

The Council of European Union. *Convention established by the Council in accordance with Article 34 of the Treaty on European Union, on*

Mutual Assistance in Criminal Matters between the Member States of the European Union 2000.

The Council of European Union. „Council Framework Decision of 13 June 2002 on Joint Investigation Teams". *Official Journal of the European Communities* (2002).

The Council of European Union. „Council Recommendation of 8 May 2003 on a model agreement for setting up a Joint Investigation Team (JIT)". *Official Journal of the European Union C 121* (2003).

The Council of European Union. „Council Resolution of 26 February 2010 on a Model Agreement for setting up a Joint Investigation Team (JIT)". *Official Journal of the European Union* (2010).

http://www.iaca.ws/files/journal-eighth_edition/reiling technology_in_courts_in_europe.pdf

http://www.ccbe.eu/fileadmin/user_upload/document/E-Justice_Portal/1718_02_2009/Presentations/23_Videoconferencing_in_Norwegian_courts.pdf

http://www.unafei.or.jp/english/pdf/RS_No73/No73_08VE_Kapplinghaus3.pdf

https://www.euroskop.cz/8423/sekce/the-principles-of-schengen-cooperation/#2

http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/economiccrime/organisedcrime/BestPractice5E.pdf

http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index44352EN.html (last access 09.09.2014)

http://sitel.com.mk/specijalcite-vo-ohrid-demonstriraa-podgotvenost-za-sprechuvanje-prekugranichni-kriminalni-aktivnosti

http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/655973/index.htm

http://www.tvm.mk/vesti/struga/9653-zaplenet-boliviski-kokain

http://kirilica.com.mk/vest.asp?id=62122

http://www.utrinski.mk/?ItemID=D48C90C0F84B384B9590E4018351B163

https://www.europol.europa.eu/content/page/joint-investigation-teams-989 (last access: 08.09.2014)

http://justicia.mk/ckfinder/files/EVROPOL.pdf (last access 09.09.2014)

http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=11995&mid=1367&tabId=358&tabindex=0 (last access 09.09.2014)

http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=AD634D557C6CD64199AA871C9F363B1C (last access 09.09.2014)

http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2000:197:0001:0023:EN:PDF

http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=10977&mid=1391&tabId=276&tabindex=0

http://eurojust.europa.eu/press/PressReleases/Pages/2012/2012-10-25.aspx

https://www.europol.europa.eu/sites/default/files/council_rec_on_jit_agreement___march_2010.pdf

http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/030.htm

http://www.osce.org/skopje/78152?download=true

http://www.kas.de/wf/doc/kas_36938-1522-2-30.pdf?140226133745

http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/kniga2.pdf

https://www.europol.europa.eu/content/page/joint-investigation-teams-989

http://www.unafei.or.jp/english/pdf/RS_No73/No73_07VE_Kapplinghaus2.pdf

http://www.statewatch.org/news/2011/nov/eu-council-jit-manual-15790-rev1-11.pdf